PROREADY

Ready To Use Culture Media

IVD

## УПАТСТВО ЗА УПОТРЕБА (МАК)

**Chromogenic UTI Agar Plate**

Подлога за идентификација, диференцијација и потврда на ентерични бактерии од примероци како урина, кои може да содржат голем број на *Proteus* видови, како и потенцијално патогени Грам-позитивни организми.

### Опис на пакување:

| Шифра на производ (пакување) REF | Опис | Примарна шифра за пакување: | Големина на пакување |
|---|---|---|---|
| **PRM1418V20** | Подлогата е излиена во петриеви плочи од ø90 | **PRM1418** | **20** |
| **PRM1418V60** | | | **60** |
| **PRM1418V240** | | | **240** |
| **PRM1418M40** | Подлогата е излиена во петриеви плочи од ø50 | | **40** |

### Упатства

Под асептични услови инокулирајте ја плочата со метод на површинско садење. По инкубација, набљудувајте ги растот и бојата на колониите

### Принцип и Интерпретација

*Chromogenic UTI Agar* е создаден врз основа на работата која ја спровеле *Pezzlo* (1), *Wilkie i sar.* (2), *Friedman i sar.* (3), *Murray i sar.* (4), *Soriano i Ponte* (5) и *Merlino i sar.* (6). Оваа подлога може да се користи наместо *MacConkey Agar* за изолација и потврда на различни организми. Овозможува брза идентификација на некои Грам-негативни бактерии и некои Грам-позитивни бактерии врз основа на различната боја на колониите, произведени со реакција на ензими специфични за родови или видови со два хромогени супстрати.

Ензимите произведени од страна на *Enterococcus spp., Escherichia coli* и колиформи ги разредуваат хромогените супстрати кои се наоѓаат во подлогата. Присуството на богат извор на фенилаланин од пептонски триптофан и ензимски хидролизат на казеин, дава индикација на активност на триптофан-деаминаза. Активноста на триптофан деаминазата е откриена со TDA реагенс (R036) кој укажува присуство на видови на родовите *Proteus*, *Morganella* и *Providencia*, чии колонии се појавуваат во кафена боја. Еден хромоген супстрат се откинува од страна на бета-глукозидазите кои поседуваат ентерокока, а која резултира со создавање на плави колонии. *E. coli* создава пурпурно-виолетови колонии поради бета-Д-галактозидаза ензимот кој ги разградува другите хромогени супстрати. Понатамошното потврдување на *E. coli* може да се изведе со помош на индол реакција, користејќи DMACA реагенс (R035). Исто така, некои *Enterobacter cloacae* соеви кои немаат бета-глукозидаза даваат розови колонии, коишто не се разликуваат од *E. coli* колониите. DMACA реагенсот за индол тестот (кој би требало да се изведе на филтер-хартија) прави разлика меѓу *E. coli* и *Enterobacter* spp., и меѓу *Proteus mirabilis* и другите видови. Колиформите даваат виолетово обоени колонии поради разградувањето на двата хромогени супстрати.

Пептонот, екстрактот од месо Б и ензимскиот хидролизат на казеин обезбедуваат азотни, јаглеродни соединенија и други есенцијални хранливи материи потребни за раст.

### Контрола на Квалитет

Податоците и резултатите од контролата на квалитетот се дадени во сертификатот за анализа, за секоја серија.

### Чување и Рок на употреба

Да се чува на температура од 2-8°C. Да се употреби пред истекот на датумот означен на налепницата.

### Мерки на Претпазливост

Овој производ не содржи опасни супстанци во концентрации кои се над пропишаните граници одредени со важечки законски регулативи, и затоа не е класифициран како опасен. Сепак, се препорачува да се постапува по упатствата наведени во безбедносниот лист за правилна употреба. Овој производ е наменет исклучиво за употреба во лабораториски услови, од страна на професионално обучен персонал. Не го употребувајте производот доколку примарното пакување е оштетено или производот не одговара на наведените карактеристики.

### Отстранување на Отпад

Отстранувањето на отпадот мора да биде во согласност со важечките национални и локални регулативи. Секоја лабораторија е одговорна за ракување и отстранување на отпадот кој се создава во текот на работењето.

### Симболи користени на етикети

| | | | |
|---|---|---|---|
| CE | Ознака за Европска Сообразност | | Оваа страна нагоре |
| IVD | Ин витро дијагностичко медицинско средство (IVD) | REF | Каталошки број |
| | Да не се изложува директно на сончева светлина | LOT | ЛОТ број |
| | Консултирајте го упатството за употреба | | Рок на употреба |
| | Не употребувајте повторно | | Ограничување на температурата |
| | Големина на пакување | | Производител |
| EC REP | Овластен претставник во ЕУ | | |

| | |
|---|---|
| EC REP | Salus Cons kft. 6722 Szeged, Bécsi krt 23, HUNGARY<br>e-mail: office@saluscons.com |

### Литература


1. Pezzlo M, (1998), Clinical Microbiology Reviews, 1:268-280
2. Wilkie M.E., Almond M.K. and Marsh F.P., (1992), British Medical Journal, 305:1137-1141.
3. Friedman M.P. et al. (1991), Journal of Clinical Microbiology, 29:2385-2389.
4.Murray P., Traynor P. and Hopson D., (1992), Journal of Clinical Microbiology, 30:1600-1601.
5. Soriano F. and Ponte C., (1992), Journal of Clinical Microbiology, 30:3033-3034.
6. Merlino et al. (1995), Abstr. Austr. Microbiol., 16(4):17-3.


Носител на решение за запишување во Регистарот на Медицински средства и Дистрибутер за Република Северна Македонија:


**АДРИАМЕД ДОО**
ул. Виктор Иго бр. 4, 1000 Скопје
тел. +389 2 3229-600; +389 2 3229-611
e-mail: adriamed@adriamed.com.mk
www.adriamed.mk